Врз основа на член 61 став 6 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ПРЕКУ ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пренесување на оружје и муниција преку државната граница.

Член 2

Пренесувањето на оружјето и муницијата се врши на гранични премини определени за преминување на државната граница, на кои се врши постојана граничната контрола (во натамошниот текст: граничен премин).

Член 3

Државјанин на Република Македонија и странец кој носи со себе или во превозно средство, оружје и муниција, а има намера да ја премине државната граница, го пријавува оружјето и муницијата кои има намера да го пренесе, на начин што на полицискиот службеник на граничниот премин (во натамошниот текст: полицискиот службеник), јасно му соопштува дека има намера да пренесе оружје и муниција преку државната граница.

Член 4

При пријавувањето на оружјето и муницијата, физичките лица од членот 3 на овој правилник, му го даваат на увид оригиналниот примерок од документот кој се однесува на тоа оружје и муниција, на полицискиот службеник.

Оригиналниот примерок од документот од ставот 1 на овој член, освен за оружјето и муницијата од член 7 на овој правилник, се заверува од страна на полицискиот службеник, со печат, потпис, број и датум на увидот во документот.

По заверката на оригиналниот примерок од документот од ставот 1 на овој член, полицискиот службеник своерачно ја запишува во документот количината на оружјето и муницијата кои се пренесуваат преку државната граница, по што документот го враќа на физичкото лице.

Фотокопија од документот од ставот 1 на овој член, се чува во архивата на граничниот премин, а податоците од документот за физичкото лице и за оружјето и муницијата се запишуваат во соодветната евиденција за оружјето и муниција.

Член 5

По извршување на активностите од член 4 на овој правилник, од страна на полицискиот службеник се врши преглед на оружјето и муницијата што лицето кое има намера да ја премине државната граница ги носи со себе или во превозното средство.

Член 6

Полицискиот службеник кој при преглед на физичкото лице или на превозното средство, пронајде оружје и муниција што не се пријавени, односно за кои не се доставени на увид оригиналните примероци од документите, покрај решение со кое привремено се одзема оружјето и муницијата издава и потврда за привремено одземени предмети.

Потврдата од став 1 на овој член содржи податоци за: името и презимето на лицето од кое привремено се одземени оружјето и муницијата, дата на раѓање, живеалиштето, односно местото на постојан одобрен престој, оружјето (категорија, вид, марка, калибар и

сериски број), муницијата (количина и калибар), основот по кој е извршено одземањето, други карактеристики на оружјето, особено одредни негови видливи оштетувања и име и презиме на полицискиот службеник кој привремено ги одземал предметите.

Член 7

При пријавување на ловечкото оружје и муниција кои се користат за лов, односно спортското оружје и муниција кои се користат за подготовки или учество на стрелачки натпревари, странците или членовите на странските стрелачки организации, му ги даваат на увид оригиналниот примерок од документот кој се однесува на тоа оружје и муниција, како и поканата за учество за лов, односно поканата за подготовки или учество на стрелачки натпревари, на полицискиот службеник.

Врз основа на доставените документи од став 1 на овој член, од страна на полицискиот службеник се издава одобрение за носење на ловечко или спортско оружје заради лов или учествување, односно подготовки за стрелачки натпревари во Република Македонија.

По завршувањето на ловот, односно подготовките и учеството на стрелачките натпревари, физичките лица од став 1 на овој член, му го предаваат на полицискиот службеник одобрението од ставот 2 на овој член, при заминување од Република Македонија.

Член 8

Странец кој во Република Македонија набавил оружје и муниција, го пријавува набавеното оружје и муниција што го изнесува од Република Македонија, на полицискиот службеник на граничниот премин каде ја преминува државната граница.

При пријавување на оружјето и муницијата, странецот му ги даваат на увид оригиналните примероци од одобрението за набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија издадено од надлежниот орган и одобрението или друга соодветна исправа за набавување на оружје издадено од надлежен орган на другата држава, на полицискиот службеник.

Податоците од одобрението или другата соодветна исправа од ставот 2 на овој член, како и податоците за физичкото лице, оружјето и граничниот премин се запишуваат во соодветната евиденција за оружјето и муницијата.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-26746/1
18 април 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.